Врз основа на член 28 став 1 алинеа 3 од Статутот на ВМРО-ДПМНЕ, Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ, а по поднесена иницијатива од Извршниот комитет од Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ, на XII седница, одржана на 10.01.2014 година, го усвои:

# ДЕЛОВНИК
## за организациона посветеност и работа на органите на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ е основана со одлука на Конгресот на ВМРО -Демократска Партија за Македонско Национално Единство на ден 6 и 7 Април 1991 година во Прилеп.
Унијата на млади сили е подмладок на ВМРО – Демократска Партија за Македонско Национално Единство.
Унијата на млади сили целосно ги прифаќа Програмата и политичката платформа на ВМРО-ДПМНЕ, но е самостојна во спроведувањето на своите цели и задачи утврдени со Деловникот за организациона посветеност и работа на органите на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ (во понатамошниот текст: УМС на ВМРО-ДПМНЕ), нејзината политичка платформа и програма за работа, кои се во согласност со Статутот и програмата на партијата.
УМС на ВМРО-ДПМНЕ за својата работа го известува Извршниот Комитет на ВМРО-ДПМНЕ, а е одговорна и пред Централниот Комитет на ВМРО-ДПМНЕ.

**Член 2**

Името на подмладокот е: Унија на млади сили на ВМРО – Демократска Партија за Македонско Национално Единство.
Скратено име на подмладокот е: УМС на ВМРО-ДПМНЕ.
Седиштето на УМС на ВМРО-ДПМНЕ е седиштето на ВМРО-ДПМНЕ.

**Член 3**

Официјални симболи на УМС на ВМРО-ДПМНЕ се официјалните симболи на ВМРО-ДПМНЕ.

**Член 4**

УМС на ВМРО-ДПМНЕ има свој печат и штембил.
Печатот е во форма на круг во кој е испишано во долниот дел: УМС на ВМРО-ДПМНЕ и седиштето, во средината е поставен грбот на ВМРО-ДПМНЕ, а во горниот дел пишува ВМРО – Демократска Партија за Македонско Национално Единство.
Штембилот е во правоаголна форма и во него е испишано УМС на ВМРО-ДПМНЕ Скопје, а во левиот горен агол е поставен грбот на ВМРО-ДПМНЕ.

**Член 5**

УМС на ВМРО-ДПМНЕ, со посебна одлука на Централниот Комитет, може да развива различни облици на соработка со други подмладоци на политички партии, други организации од најразлични профили и асоцијации на млади од земјата и странство, а кои имаат сродни програмски цели и се со конзервативна провиниенција.

**Член 6**

УМС на ВМРО-ДПМНЕ учествува во работата на ВМРО-ДПМНЕ на начин предвиден со Статутот на ВМРО-ДПМНЕ и со овој Деловник.

**Цели и задачи на УМС на ВМРО-ДПМНЕ**

**Член 7**

Покрај целите и задачите на ВМРО-ДПМНЕ и во согласност со нив, УМС на ВМРО-ДПМНЕ ги има и следните цели и задачи:

- се залага за издигнување и афирмација на македонскиот културен простор;
- се залага за спречување на секаков вид расна, полова, етничка, религиозна, социјална, политичка и секој друг вид на дискриминација;
- се залага за воспоставување на традиционалните морални човечки вредности кај младите луѓе;
- се залага за афирмација на целите и задачите на ВМРО-ДПМНЕ и на УМС на ВМРО-ДПМНЕ во свеста на младите луѓе;
- се залага за почитување на основните права и слободи на човекот, признати во меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Македонија;
- ја афирмира идејата за правна држава и парламентарна демократија;
- се залага за развивање на политичка култура кај младите луѓе;
- се залага за стимулирање и поддршка на евро – атлантските интегративни процеси на Република Македонија;
- го поттикнува меѓународното пријателство и дијалог на младите врз принципите на рамноправност и меѓусебно почитување;
- се залага за поврзување и соработка на сродните младински организации во Македонија и надвор од неа;
- презема акции со кои ја поттикнува личната иницијатива кај младите;
- се залага за подобрување на стандардот на младите луѓе;
- ги поддржува сите позитивни барања и иницијативи на студентските и средношколските, како и на други слични младински организации;
- ги афирмира спортот и спортската култура кај младите луѓе и
- се залага за градење на еколошка свест кај секој млад човек.

**Член 8**

УМС на ВМРО=ДПМНЕ своите цели и задачи ги остварува преку индивидуално и колективно дејствување на членовите, органите и телата на УМС на ВМРО-ДПМНЕ и соработка на УМС на ВМРО-ДПМНЕ со соодветни младински организации и структури од земјата и странство.

**Членување во УМС на ВМРО-ДПМНЕ**

**Член 9**

Пристапувањето во УМС на ВМРО-ДПМНЕ е доброволно и лично право на секој граѓанин кој ги прифаќа нејзините програмски определби и овој Деловник.

**Член 10**

Член на УМС на ВМРО-ДПМНЕ може да биде секој деловно способен граѓанин, кој воедно е и државјанин на Република Македонија или Македонец кој живее надвор од државата, кој има навршени 18 години живот, а не навршил повеќе од 28 години.

**Член 11**

Централниот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ со посебна одлука може да именува почесен член на УМС на ВМРО-ДПМНЕ, без притоа да биде запазена старосната граница пропишана во член 10 од овој Деловник.

**Член 12**

Член на ВМРО-ДПМНЕ, а воедно и член на УМС на ВМРО-ДПМНЕ се станува со потпишување пристапница кон ВМРО-ДПМНЕ.

Член на УМС на ВМРО-ДПМНЕ се станува и со потпишување на пристапница кон ВМРО-ДПМНЕ, доколку лицето има навршени 18 години живот, а не е постаро од 28 и доколку за тоа појави интерес.

Пристапницата е унифицирана и се поднесува до ВМРО-ДПМНЕ.

Формата и изгледот на пристапницата ја утврдува Извршниот Комитет на МВРО-ДПМНЕ со посебна одлука.

**Член 13**

Членот на УМС на ВМРО-ДПМНЕ ги има следниве права, обврски и одговорности:

- активно да учествува во остварувањето на целите, задачите и документите на УМС на ВМРО-ДПМНЕ, како и активностите кои од нив произлегуваат;
- да учествува во утврдувањето и спроведувањето на активностите на сите нивоа на организирање на УМС на ВМРО-ДПМНЕ преку иницирање, подготовка и реализација на проекти во насока на целите, задачите и програмата на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;
- да бира и да биде избран во телата и органите на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;
- редовно да биде информиран за активностите на УМС на ВМРО-ДПМНЕ на сите нивоа;
- за својата работа одговара пред соодветните органи и тела на УМС на ВМРО-ДПМНЕ и редовно да плаќа членарина;

**Член 14**

Членството во УМС на ВМРО-ДПМНЕ престанува со надминување на старосната граница утврдена во член 10 од овој Деловник.

Членството во ВМРО-ДПМНЕ, а со тоа и во УМС на ВМРО-ДПМНЕ престанува согласно условите предвидени во Статутот на ВМРО-ДПМНЕ.

**Член 15**

Предлог за престанување на членство во УМС на ВМРО-ДПМНЕ врз основа на условите предвидени во Статутот на ВМРО-ДПМНЕ дава Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

Постапката за исклучување на член на УМС на ВМРО-ДПМНЕ и на ВМРО-ДПМНЕ се спроведува согласно актите на ВМРО-ДПМНЕ кои го уредуваат ова прашање.

**Член 16**

УМС на ВМРО-ДПМНЕ обезбедува известување на јавноста за својата работа преку:

- присуство на нејзините членови и на други заинтересирани лица на седниците на органите и нивните работни тела на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;
- достапност на извештаите и другите материјали од работата на УМС на ВМРО-ДПМНЕ до членовите, другите заинтересирани лица, нивно доставување до јавноста преку средствата за информирање, во соработка со Центарот за комуникации на ВМРО-ДПМНЕ;
- издавање билтени, весници, информатори и други публикации, во соработка со Центарот за комуникации на ВМРО-ДПМНЕ;
- организирање конференции на овластени претставници на УМС на ВМРО-ДПМНЕ пред средствата за јавно информирање, во соработка со Центарот за комуникации на ВМРО-ДПМНЕ и
- други начини кои овозможуваат навремено и вистинито известување на јавноста за работата на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА И ОРГАНИ НА УМС НА ВМРО-ДПМНЕ

**Член 17**

Членовите на УМС на ВМРО-ДПМНЕ се организираат на територијален принцип и тоа како:

- Местна организација со местен комитет како орган на местната организација;
- Општинска организација со Општински Комитет како орган на општинската организација;
- Градска организација на Град Скопје со Градски Комитет како орган на градската организација;

Организацијата на државно ниво се состои од следните органи:

- Извршен комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;
- Централен Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ и
- Конференција на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

## 1. ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА И ОПШТИНСКИ ОРГАНИ НА УМС НА ВМРО-ДПМНЕ

### ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА УМС НА ВМРО-ДПМНЕ

**Член 18**

Општинската организација на УМС на ВМРО-ДПМНЕ претставува облик на организирање на членовите на УМС на ВМРО-ДПМНЕ и начин на поврзување на местните организации на УМС на ВМРО-ДПМНЕ од подрачјето на општината.

Одлука за основање и престанок на општинската организација донесува Извршниот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

Со одлуката за основање на општинската организација се определуваат и населбите и населените места кои влегуваат во составот на општинската организација како и местото и седиштето на општинскиот комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

### ОПШТИНСКИ КОМИТЕТ НА УМС НА ВМРО-ДПМНЕ

**Член 19**

Со општинската организација на УМС на ВМРО-ДПМНЕ управува општинскиот комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

Општинскиот комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ е највисок орган на местните организации во општината односно општините.

Одлука за формирање на Општински Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ донесува Извршниот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

**Член 20**

Членови на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ се:

- Претседател на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;
- Членови именувани од Извршниот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ и
- Секретарот на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;

Бројот на членовите именувани од Извршниот комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ се определува со одлука на Извршниот комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

Со Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ раководи Претседател на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

**Член 21**

Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ се:

- Донесува програма за работа на општинскиот комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;
- Поднесува годишен извештај за остварувањето на програмата на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;
- Именува и разрешува Претседатели на местни комитети на УМС на ВМРО-ДПМНЕ со согласност со Извршниот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;
- Определува членови во комисиите формирани во општинскиот комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;

- Разгледува извештаи за работа на комисиите во Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ, кои се должни најмалку два пати годишно или на барање на општинскиот комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ да поднесат извештај за својата работа;
- Зазема ставови за идејно – политичката активност на членството на УМС на ВМРО-ДПМНЕ на локално ниво и го насочува нивното дејствување кон суштествените идејно – политички прашања од интерес на ВМРО-ДПМНЕ;
- Создава услови со кои се обезбедува сестрано вклучување и постојано ангажирање на сите членови на УМС на ВМРО-ДПМНЕ на подрачјето на општината;
- Разгледува прашања што се од суштинско значење на УМС на ВМРО-ДПМНЕ и дава предлози за нивно разгледување пред повисоките органи на партијата;
- Донесува одлука за основање на местен комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;
- На барање на Комисијата за кадровски прашања на ВМРО-ДПМНЕ утврдува и доставува предлози по однос на определени кадровски прашања;
- Основа комисии и други работни тела;
- Претставник на општинскиот комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ задолжително присуствува на седниците на местните комитети.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОПШТИНСКИ КОМИТЕТ НА УМС НА ВМРО-ДПМНЕ

### Член 22

Извршниот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ на предлог на Претседателот на УМС на ВМРО-ДПМНЕ, именува и разрешува Претседател на Општински Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

Мандатот на Претседателот на општинскиот комитет трае 4 (четири) години.

### Член 23

Претседателот на општинскиот комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ во рамките на своите права и должности:

- го претставува Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;
- свикува седници и претседава со нив;
- потпишува акти што ги донесува Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ и се грижи за нивно извршување;
- спроведува одлуки и други акти донесени од повисоките органи на ВМРО-ДПМНЕ;
- се грижи за остварување на програмата на УМС на ВМРО-ДПМНЕ и програмата за работа на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;
- се грижи за доследно применување на Деловникот во делот кој се однесува на работата на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;
- се грижи и ја координира работата на месните комитети на УМС на ВМРО-ДПМНЕ во рамките на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;
- именува и разрешува секретар на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;
- врши и други работи во согласност со овој Деловник.

Претседателот на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ за својата работа одговара пред Претседателот на УМС на ВМРО-ДПМНЕ и Извршниот комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

**Член 24**

Претседателот на општинскиот комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ може да биде разрешен и пред истекот на времето за кое е избран доколку поднесе неотповиклива оставка, ако му е изречена дисциплинска мерка и поради неизвршување на партиските задачи.

За случаите од ставот 1 од овој член, а на предлогот на Претседателот на УМС на ВМРО-ДПМНЕ, одлука за разрешување на Претседателот на Општинскиот Комитет носи Извршниот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

Оставката во писмена форма се поднесува до општинскиот комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ кој веднаш, а најдоцна во рок од 3 (три) дена од денот на поднесувањето на оставката го известува Извршниот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

До избор на нов Претседател на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ, со Општинскиот Комитет раководи еден од Потпретседателите на Општинскиот Комитет именуван со Одлука од Извршниот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

## ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОПШТИНСКИ КОМИТЕТ НА УМС НА ВМРО-ДПМНЕ

**Член 25**

На предлог на Извршниот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ или на Претседателот на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ, Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ од својот состав избира еден од три потпретседатели со мнозинство гласови од вкупниот број членови на комитетот со јавно гласање.

При изборот на потпретседателите на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ треба да се води сметка з еднаква родова застапеност.

Мандатот на Потпретседателот трае 4 (четири) години.

**Член 26**

Потпретседателот на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ врши определени работи од делокругот на Претседателот што тој ќе му ги довери.

Во случај на отсутност или спреченост на Претседателот него го заменува Потпретседателот на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ кој тој ќе го определи.

**Член 27**

Потпретседателот на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ може да биде разрешен и пред истекот на времето за кое е избран во случаите предвидени во член 24 став 1 од овој Деловник, со мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

## СЕКРЕТАР НА ОПШТИНСКИ КОМИТЕТ НА УМС НА ВМРО-ДПМНЕ

**Член 28**

Потпретседателот на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ од членовите на ВМРО-ДПМНЕ од подрачјето на општината именува секретар на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

Мандатот на секретарот трае 4 (четири) години.

**Член 29**

Секретарот за својата работа одговара пред Претседателот на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ и пред Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

Во работата на секретарот му помагаат еден или повеќе заменици секретари, кои на негов предлог ги именува Претседателот на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

**Член 30**

Секретарот на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ може да биде разрешен и пред истекот на времето за кое е избран во случаите предвидени во член 24 став 1 од овој Деловник, од страна на Претседателот на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

**Член 31**

Секретарот на Општинските Комитети на УМС на ВМРО-ДПМНЕ:

- помага на Претседателот на Општинските Комитети на УМС на ВМРО-ДПМНЕ во подготвувањето и организирањето на седниците на Општинските Комитети на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;
- се грижи за обезбедување и доставување на материјали потребни за работа на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;
- ги изготвува актите донесени од страна на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;
- доставува заклучоци и други акти до надлежни органи;
- раководи со секретаријатот на Општинските Комитети на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;
- води архива на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;
- ја нагледува работата на секретарите на месните комитети на УМС на ВМРО-ДПМНЕ за што редовно го известува Претседателот на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;
- должен е еднаш месечно пристапниците со новозачленетите граѓани да ги доставува до Генералниот Секретар на УМС на ВМРО –ДПМНЕ;
- Врши и други работи што ќе му ги довери Претседателот на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;

**НАЧИН НА РАБОТА НА ОПШТИНСКИОТ КОМИТЕТ НА УМС НА ВМРО-ДПМНЕ**

**Член 32**

Општинскиот Комитет на ВМРО-ДПМНЕ се составува по потреба,а најмалку два пати месеци.

Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ работи и одлучува на седницата.

Седниците на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ ги свикува Претседателот на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

**Член 33**

Поканата за седница се испраќа на сите членови на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ, по правило 5 (пет) дена пред денот определен за одржување на седницата.

Заедно со поканата на членовите им се доставува и предлог на дневниот ред, записникот за претходната седница и соодветниот материјал што ќе биде предмет на разгледување на седницата.

По исклучок во итни случаи Претседателот може да свика седница на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ во рок покус од 5 (пет) дена а дневниот ред да го предложи на самата седница.

**Член 34**

Членот на општинскиот комитет има право и должност:

- да присуствува на седниците на комитетот на УМС на ВМРО-ДПМНЕ;
- да предлага разгледување на определени прашања;
- да учествува во разгледувањето и одлучувањето по прашањето за кое се расправа на седницата на општинскиот комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ и
- врши и други работи што ќе му ги довери Претседателот на општинскиот комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

**Член 35**

Членот кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седницата на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ, должен е за тоа благовремено да го извести Претседателот или секретарот на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

За присуствувањето на членовите на седниците на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ се води евиденција.

**Член 36**

Секој член може на почетокот на седницата да предложи на дневен ред на таа седница на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ да се стави определено прашање, но е должен да го образложи предлогот за измена и дополнување на дневниот ред.

**Член 37**

Членот на Општинскиот Комитет не може да биде земен на одговорност за искажано мислење на седниците на комитетот.

Донесените одлуки и заклучоци и заземените ставови од Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ задолжени се како за членовите на комитетот, така и за членовите на УМС на ВМРО-ДПМНЕ и местните организации од подрачјето на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

**Член 38**

За работата на седниците се води записник.
Записникот по овластување од Претседателот и секретарот, го води и составува еден од замениците на секретарот.
По отварањето на седницата се пристапува кон усвојување на записникот од претходната седница.
Членовите на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ имаат право да ставаат забелешки на записникот.
Членот кој е на седницата издвоил мислења, може да побара во записникот да се внесат битните делови од неговото излагање.
Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ со јавно гласање го усвојува записникот со забелешките.
Записникот го потпишуваат Претседателот, секретарот и овластениот заменик на секретарот.
За чување на оригиналите на записниците се грижи секретарот на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.
Записникот усвоен од Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ задолжително се доставува до Генералниот секретар на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

**Член 39**

Записникот содржи основни податоци за работата на седницата, а особено за предлозите што се разгледани на седницата и за одлуките и заклучоците што не се донесени.
Во записникот се внесува гласањето по одделни прашања кој биле разгледувани на седницата.

**Член 40**

Дневниот ред се утврдува на почетокот на работата на седницата, а особено за предлозите што се разгледани на седницата и за одлуките и заклучоците што се донесени.
Во записникот се внесува гласањето по одделни прашања кои биле разгледувани на седницата.

**Член 41**

Секој член на Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ има право да побара збор и да се произнесе по однос на точките од дневниот ред на седницата.
Говорникот може да говори само по прашањата што се на дневен ред.

**Член 42**

На предлог на Претседателот или на мнозинството членови може да се одлучи на седницата говорник по исто прашање да може да се говори само еднаш како и да се определи времето на траење на говорот.

**Член 43**

Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ може да работи и полноважно да одлучува ако на седницата присуствуваат мнозинство на членови на комитетот.

**Член 44**

Полноважни се одлуките за кои гласало мнозинството на присутни членови, освен ако со овој Деловник е предвидено одлуката да се донесува со посебно мнозинство.

Гласањето по правило се врши јавно, со кревање на рака.

Гласањето со кревање на рака се врши на тој начин што членовите од Општинскиот комитет се изјаснуваат "за" или "против" предлогот или се воздржуваат од гласањето.

**Член 45**

Претседателот на Општинскиот комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ најмалку еднаш месечно свикува седница на која се повикуваат претседателите на местните комитети на УМС на ВМРО-ДПМНЕ, на која присуствуваат и членовите на Општинскиот комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

## 2. МЕСТНА ОРГАНИЗАЦИЈА И МЕСТЕН КОМИТЕТ НА УМС НА ВМРО-ДПМНЕ

**Член 46**

Местната организација на УМС на ВМРО-ДПМНЕ е основен облик на организирање на членовите на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

Одлука за основање на местната организација на УМС на ВМРО-ДПМНЕ донесува Општинскиот Комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ.

Со Одлука за основање на местната организација на УМС на ВМРО-ДПМНЕ се определуваат населбата, дел од населбата и населеното место, кои влегуваат во составот на местната организација, како и името и седиштето на местниот комитет.

Територијата на местниот комитет на УМС на ВМРО-ДПМНЕ мора да се совпаѓа со територијата на местната организација на ВМРО-ДПМНЕ.